Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 7, 12 мај 2008 година

мај 2008
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на кандидат за асистент во наставно-научната област *ботаника* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип .............. 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за научната област *растителна физиологија со биохемија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........................................ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за научната област *историски науки* на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........................................ 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Меѓународна економија" од доц. д-р Ристо Фотов – Економски факултет ........................................ 19

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Математика" од авторките д-р Татјана Атанасова-Пачемска, м-р Билјана Златановска и Лимонка Лазарова, наменет за студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........................................ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** за оценка на докторската дисертација „Еволуција и стратиграфија на палеогенот на територијата на Република Македонија" од м-р Виолета Стојанова, Факултет за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........................................ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на трудот „Практикум по статистика" од проф. д-р Трајче Мицески и м-р Горан Миладинов ........................................ 28

31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на трудот „Збирка на решени задачи по статистика" од проф. д-р Трајче Мицески и м-р Горан Миладинов ........................................ 34

37

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ НА ТРУДОТ „ПРАКТИКУМ ПО СТАТИСТИКА"**
**ОД ПРОФ. Д-Р ТРАЈЧЕ МИЦЕСКИ И М-Р ГОРАН МИЛАДИНОВ**

**Наслов на трудот**
„Практикум по статистика".

**Име и презиме на авторите на трудот**
Проф. д-р Трајче Мицески и м-р Горан Миладинов

**Име и презиме на рецензентите**
Академик проф. д-р Глигор Попоски и доц. д-р Татјана Атанасова-Пачемска.

**1. Значењето на предметната содржина што се обработува во трудот**

Трудот предложен како ракопис е напишан според наставниот план и програма по предметот Статистика во економијата за студентите на Економскиот факултет во Штип при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Трудот е работен во согласност со наставната материја по предметот Статистика во економијата, за двете насоки (здравствен менаџмент и меѓународна економија) на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Со ова учебно помагало им се дава можност на студентите да стекнат пошироки знаења од статистичката анализа и практика.

„Практикумот по статистика", иако е приспособен, пред сѐ, на наставната програма по предметот Статистика во економијата, може да го користат и студенти на сродните факултети во општествените науки, како и сите оние кои во истражувачката работа имаат потреба за методите од статистичката анализа (во медицината, земјоделството итн). Во овој практикум се застапени и објаснети сите статистички методи кои се применуваат во општествените истражувања. Преку краткиот теоретски осврт и начинот на решавање на поставените примери, овој труд има првенствена цел да ги задоволи потребите на студентите со учебно помагало, со чија помош студентите би можеле успешно да се воведат во статистичката наука и методологија, со цел за поуспешно совладување на материјата по предметот Статистика. Со тоа, сметаме дека обработената материја во оваа збирка ќе им биде од мошне голема корист и на стручните кадри кои се занимаваат со истражување, обработка и анализа на економските појави и општествените процеси како и на бизнисмените и менаџерите во донесувањето на стратешки одлуки при работењето во своите фирми.

**2. Оригиналност на трудот со проценка за придонесот за развој на научната мисла**

Според содржината, концептот и начинот на обработената материја, трудот претставува научно дело во кое на доста јасен, конкретен, едноставен и достапен начин се разработени и решени примери (задачи), соодветно објаснети и поткрепени со коментари и образложенија, со цел успешно совладување на целокупната материја по Статистика и од друга страна поттик за натамошна работа и подлабоко истражување во статистичките анализи.

**3. Други трудови за ист или сроден предмет со компаративна оценка за квалитетот на трудот**

Иако кај нас можат да се сретнат други трудови на иста и сродна проблематика, сепак овој труд насловен како „Практикум по статистика" според содржината и начинот

на решавањето на примерите, коментирањето на резултатите и сликовитиот (графички) приказ на развојот на појавите, може да им послужи како учебно помагало по предметот Статистика не само на студените од Економскиот факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, туку и пошироко на сите интересенти од оваа област.

**4. Структурна композиција на трудот**

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, квалитативната анализа и научната проценка. Трудот е систематски и логички поделен и подреден според дефинирањето на статистиката. Оттука, статистичката анализа е започната со примери, прашања и решенија за анализата на статистичките појави, обемот, структурата, централната тенденција и варијабилитетот како квалитативна мерка за оценка на средните големини, а продолжува со разработување на примери и задачи за анализа на динамиката на појавите, временските серии, заемните врски, зависностите и заемните влијанија помеѓу појавите. Во трудот содржински и концепциски е прикажан нов пристап во некои методи, како што тоа е направено кај методот на регресионата и корелационата анализа и кај индексните методи.

Понатаму, трудот „Практикум по статистика“ е надополнет и разработен со примери за теми од статистиката на населението преку изворите на податоци за тоа население, структурата на населението и преку природното и механичкото движење на населението. Како посебни поглавја со соодветни примери во збирката се дадени статистиката на производството, динамиката на производството, а како посебно поглавје е контролата на квалитетот на производството. Акцент во анализата е даден на продуктивноста на трудот, како квалитативен фактор, и при тоа се земени методите за мерење на продуктивноста на трудот и динамиката и нивото на продуктивноста на трудот. Преку примерите на капацитетите и коефициентите на искористувањето и нивното практично мерење се дава увид и дефинирање на капацитетите во индустриските и неиндустриските дејности. Понатаму, следуваат и задачи и прашања за темите на статистиката на работната сила и вработеноста, со посебно нагласување за коефициентот на искористување на работниот контингент, како и за статистиката на цените и животниот стандард. Имајќи ја предвид различната структура на студентите што се запишуваат на економските факултети, како и од аспект на степенот на предзнаења, со кои доаѓаат студентите на економските факултети, авторите на „Практикум по статистика“ со научна одговорност се заложиле да бидат подетално разработени основните поими од статистиката, почнувајќи од прибирањето и групирањето на информациите, графичкото претставување на резултатите и податоците, а посебно се задржале на теоријата на извадоците (примероците) и нејзината практична примена, што на погоден начин и со соодветни примери е прикажано во содржината на учебното помагало.

**5. Претпоставен интерес на научната и другата јавност за која трудот е наменет**

Се очекува трудот да предизвика интерес не само кај студентите, истражувачките кадри, кадрите кои се занимават со статистички пресметки, туку и кај голем број на други интересенти.

Согласно композицијата на содржината и јасниот начин на презентација, овој труд своја примена ќе најде кај сите стопански и нестопански субјекти кои на интерен или екстерен начин ги презентираат своите согледувања, резултати на работењето или идните очекувања. Иако во трудот е обработена доста широка и неопходна материја, сепак не може да се каже дека во него е опфатено сè. Овој труд ги опфаќа основните аспекти на областите и има за цел да иницира, потсетува и помага во совладувањето на статистичките методи на пресметки и воопшто статистичките активности.

**6. Резиме на трудот**

Во трудот преку поставените и решените задачи како и коментарен осврт, се потврдува фактот дека статистиката, како софистицирана, мултидисциплинска, ефикасна и прецизна наука, сѐ повеќе и повеќе добива ново многу пошироко и многу поголемо значење не само во прибирањето, групирањето, обработувањето, анализирањето и интерпретирањето на информациите (податоците), добиени од статистичките истражувања на одредени појави од природата, општеството, економијата, стопанството, политиката, медицината, спортот итн., туку таа врши и проценки, одмерува ризици, ги предвидува тенденциите на развој, го истакнува влијанието на корелативните врски меѓу факторите кои имаат особено влијание во развојот на појавите итн.

Самиот напредок на техниката и информатиката овозможува многу брзо да се дојде до попрецизни резултати од истражувањето. Тоа се заснова, пред сѐ, на употребата на многу сложени методи кои обработуваат сложени феномени со многу непознатости.

Но сепак, постапките при обработката на понудената материја укажуваат дека техниките и методите се само средство, односно помагало да се дојде до побрзи и попрецизни согледувања (резултати), а луѓето т.е. кадрите се тие кои се најповикани за правилно извршување на истражувањата без пристрасност или други намери. Способноста, разумноста и совесноста на изведувачите на истражувањата се основниот фактор за реалноста на добиените резултати. Врз основа на претходно наведените факти, „Практикум по статистика“ ги исполнува потребните научни предуслови за печатење и е во прилог на унапредување на наставата по предметот Статистика.

**7. Препорака за печатење**

Преку понудениот ракопис на овој труд преставен како **„Практикум по статистика"** се даваат можности за стекнување на пошироко знаење од статистичката теорија и практика кои во одредени моменти ќе им биде од корист на сите кои работат и кои се засегнати со статистиката.

Практикумот покрај тоа што на студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип им нуди можности за подобро совладување на наставната програма по Статистика, туку им нуди можности и на стопанствениците за правилен пристап кон решавање на статистичките проблеми кои се јавуваат во текот на работењето во стопанскит субјекти.

Со овој начин на пишување, авторите придонесле за високиот квалитет на делото, кој одговара на современите потреби и норми во домашни и меѓународни размери.

Поради сето ова, препорачувам истиот да биде објавен како основно учебно помагало по предметот Статистика.

**Р е ц е н з е н т,**

**Доц. д-р Татјана Атанасова-Пачемска, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ НА ТРУДОТ**
**„ЗБИРКА НА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО СТАТИСТИКА"**
**ОД ПРОФ. Д-Р ТРАЈЧЕ МИЦЕСКИ И М-Р ГОРАН МИЛАДИНОВ**

**Наслов на трудот**
„Збирка на решени задачи по статистика“.

**Име и презиме на авторите на трудот**
Проф. д-р Трајче Мицески и м-р Горан Миладинов

**Име и презиме на рецензентите**
Академик проф. д-р Глигор Попоски и доц. д-р Татјана Атанасова-Пачемска.

**1. Значењето на предметната содржина што се обработува во трудот**

Трудот како предложен ракопис е напишан според наставниот план и програма по предметот Статистика во економијата за студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Трудот ја опфаќа наставната материја по предметот Статистика во економијата, кој се изучува во вториот семестар од прва година на Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Трудот ја третира наставната материја во согласност со фондот на часови што е предвиден со наставната програма на двете насоки (здравствен менаџмент и меѓународна економија) при Економскиот факултет - Штип.

Авторите прават успешен обид да ги запознаат студентите и одделно да ги разработат неопходните објаснувања со методите на статистичката анализа. Со ова учебно помагало се дава можност за стекнување пошироки знаења од статистичката анализа и практика.

„Збирка на решени задачи по статистика“, како дел од литературата за предметот Статистика, преку решени примери на задачи и соодветни примери е приспособена, пред сѐ, на наставната програма по предметот Статистика во економијата. Збирката може да ја користат и студенти на сродните факултети во општествените науки, како и сите оние кои во истражувачката работа имаат потреба од методите од статистичката анализа (во медицината, земјоделството итн.). Во збирката се застапени и објаснети сите статистички методи кои се применуваат во општествените истражувања. Преку приодот на поставени примери на задачи и нивно решавање, овој труд има првенствена цел да ги задоволи потребите на студентите со учебно помагало, со чија помош студентите би можеле успешно да се воведат во статистичката наука и методологија, со цел успешно да се совлада материјата по предметот Статистика. Сметам дека обработената материја во оваа збирка ќе им биде од мошне голема корист и на стручните кадри кои се занимаваат со истражување, обработка и анализа на економските појави и општествените процеси, како и на бизнисмените и менаџерите во донесувањето на стратешки одлуки при работењето во своите фирми.

**2. Оригиналност на трудот со проценка за придонесот за развој на научната мисла**

Според содржината, концептот и начинот на обработената материја, трудот претставува научно дело во кое на доста јасен, конкретен, едноставен и достапен начин се разработени и решени примери (задачи), соодветно објаснети и поткрепени со коментари и образложенија, со цел успешно да се совлада целокупната материја по предметот Статистика во економијата и од друга страна поттик за натамошна работа и подлабоко истражување во статистичките анализи.

**3. Други трудови за ист или сроден предмет со компаративна оценка за квалитетот на трудот**

Иако кај нас можат да се сретнат други трудови со иста и сродна проблематика, сепак овој труд, според својата содржина и приод кон решавањето на задачите, коментирањето на резултатите, сликовитиот (графички) приказ на моменталните и развојните состојби на појавите, се одликува со посебен приод при обработката на материјата за конкретни области и затоа истата може да им послужи не само како учебно помагало по предметот Статистика во економијата на студените од Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, туку и поширoко на сите оние кои се заинтересирани да ја проучуваат и следат оваа проблематика во своите стручни и научни кругови.

**4. Структурна композиција на трудот**

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, квалитативната анализа и научната проценка. Трудот е систематски и логички поделен и подреден според дефинирањето на статистиката. Оттука, статистичката анализа е започната со примери, прашања и решенија за анализата на статистичките појави, обемот, структурата, централната тенденција и варијабилитетот како квалитативна мерка за оценка на средните големини, а продолжува со разработување на примери и задачи за анализа на динамиката на појавите, временските серии, заемните врски, зависностите и заемните влијанија помеѓу појавите. Во збирката содржински и концепциски е прикажан нов пристап во некои методи, како што тоа е направено кај методот на регресионата и корелационата анализа и кај индексните методи.

Понатаму, „Збирка на решени задачи по статистика" е надополнета и разработена со примери за теми од статистиката на населението преку изворите на податоци за тоа население, структурата на населението и преку природното и механичкото движење на населението. Како посебни поглавја со соодветни примери во збирката се дадени статистиката на производството, динамиката на производството, а како посебно поглавје е контролата на квалитетот на производството. Во анализата е даден акцент на продуктивноста на трудот, како квалитативен фактор, и притоа се земени методите за мерење на продуктивноста на трудот и динамиката и нивото на продуктивност на трудот. Преку примерите на капацитетите и коефициентите на искористување и нивното практично мерење се дава увид и дефинирање на капацитетите во индустриските и неиндустриските дејности. Понатаму следуваат и задачи и прашања за темите на статистиката на работната сила и вработеноста, со посебен акцент на коефициентот на искористување на работниот контингент, како и за статистиката на цените и животниот стандард. Имајќи ја предвид различната структура на студентите што се запишуваат на економските факултети, како и од аспект на степенот на предзнаења со кои доаѓаат студентите на економските факултети, авторите на збирката задачи по статистика несебично се заложиле да бидат подетално разработени основните поими од статистиката, почнувајќи од прибирањето и групирањето на информациите, графичкото претставување на резултатите и податоците, а посебно се задржале на теоријата на извадоците (примероците) и нејзината практична примена, што на погоден начин и со соодветни примери е прикажано во содржината на учебното помагало.

**5. Претпоставен интерес на научната и другата јавност за која е наменет трудот**

Се очекува трудот да предизвика интерес не само кај студентите, истражувачките кадри, кадрите кои се занимават со статистички пресметки, туку и кај голем број други лица.

Согласно композицијата на неговата содржина и јасниот начин на презентација, овој

труд своја примена ќе најде кај сите стопански и нестопански субјекти кои на интерен или екстерен начин ги презентираат своите согледувања, резултати на работењето или идните очекувања. Иако во трудот е обработена доста широка и неопходна материја, сепак не може да се каже дека во него е опфатено сè. Напротив, овој труд ги опфаќа основните аспекти на областите и има за цел да иницира, потсетува и помага во совладувањето на статистичките методи на пресметки и воопшто статистичките активности.

**6. Резиме на трудот**

Во трудот, преку поставените и решените задачи, како и направениот коментарен осврт, се потврдува фактот дека статистиката како софистицирана, мултидисциплинска, ефикасна и прецизна наука сè повеќе и повеќе добива ново многу поширoко и многу поголемо значење не само во прибирањето, групирањето, обработувањето, анализирањето и интерпретирањето на информациите (податоците) добиени од статистичките истражувања на одредени појави од природата, општеството, економијата, стопанството, политиката, медицината, спортот итн., туку таа врши и проценки, одмерува ризици, ги предвидува тенденциите на развој, го истакнува влијанието на корелативните врски меѓу факторите кои имаат особено влијание во развојот на појавите итн.

Напредокот на техниката и информатиката овозможува многу брзо да се дојде до попрецизни резултати на истражувањето. Тоа се заснова, пред сè, на употребата на многу сложени методи кои обработуваат сложени феномени со многу непознати.

Но сепак, самите постапки при обработката на понудената материја укажува дека техниките и методите се само средство, односно помагало да се дојде до побрзи и попрецизни согледувања (резултати), а луѓето т.е. кадрите се тие кои се најповикани за правилно извршување на истражувањата без пристрасност или други намери. Способноста, разумноста и совесноста на изведувачите на истражувањата се основниот фактор за реалноста на добиените резултати. Врз основа на претходно наведените факти, „Збирката на решени задачи по статистика“ ги исполнува потребните научни предуслови за печатење и исто е во прилог на унапредување на наставата по предметот Статистика.

**7. Препорака за печатење**

Преку понудениот ракопис на овој труд, преставен како **„Збирка на решени задачи по статистика“** се даваат можности за стекнување на поширoко знаење од статистичката теорија и практика, кои во одреден момент ќе им бидат од корист на сите кои работат и кои се засегнати со статистиката.

Збирката нуди решенија за поефикасно и поефективно справување со статистичката проблематика. Во овој труд ќе најдат одговор на бројни прашања со кои ќе се среќаваат во практиката на своето работење, не само студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, туку и сите други кои се интересираат и се занимаваат со статистика,

Со овој начин на пишување, авторите придонеле за високиот квалитет на делото, кој одговара на современите потреби и норми во домашни и меѓународни размери.

Поради сето ова, препорачувам истиот да биде објавен како основно учебно помагало по предметот Статистика во економијата.

**Р е ц е н з е н т,**

**Доц. д-р Татјана Атанасова-Пачемска, с.р.**